РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0401-2038/1
16.11.2023 година

Врз основа на член 48 и член 49 од Законот за административни службеници ("Сл. весник на Р.М." бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19. 14/20, 215/21 и 99/22), а во согласност Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. весник на Р.М." бр.11/2015. 35/2018, и "Сл.весник на РСМ" бр.303/20) и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за електронски комуникации број 1102-13/10 од 06.06.2023 година и 1102-18/7 од 21.07.2023, на ден 16.11.2023 Директорот на Агенцијата за електронски комуникации објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2023**

**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДИМИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**

Се распишува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следните работни места:

1. Ниво В01 шифра АЕК 01 01 В01 028- **Советник за спроведување на постапките за јавни набавки во Одделение за јавни набавки** – 1 извршител

**Посебни услови:**

Степен и вид на образование: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – општествени науки - економија и бизнис, право.

**Други посебни услови:**

- Потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

**Работно искуство:**

Најмалку 3 години работно искуство во струката.

Потребни општи работни компетенции:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;

- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/ засегнати страни и
- финансиско управување.

2. Ниво В01 шифра АЕК 01 01 В01 037 - **Советник за прибирање и обработка на податоци во Сектор за регулатива** - 1 извршител

**Посебни услови:**

Степен и вид на образование: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – општествени науки.

**Работно искуство:**

Најмалку 3 години работно искуство во струката.

Потребни општи работни компетенции:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/ засегнати страни и
- финансиско управување.

**Општи услови:**

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Агенцијата за електронски комуникации, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво според Законот за административни службеници и во актот за систематизација на Агенцијата како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови: дневно 8 часа;
- Работни часови: неделно 40 часа;
- Работно време: од 07-30 до 08-30 часот доаѓање и од 15-30 до 16-30 часот заминување.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Агенцијата за електронски комуникации до Секторот за управување со човечки ресурси или до службената електронска адреса на Секторот за управување со човечки ресурси Chovecki.resursi@aec.mk.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**Агенција за електронски комуникации**

**Директор**

**Jeton Akiku**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ

**ПРИЈАВА**

**за унапредување на административни службеници преку**

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

Јас _______ __________(име и презиме) вработен/а во Агенција за електронски комуникации на работно место ______________________________________________________ (наведува називот на последното работно место на кое што сте распореден/а) во Одделение______________________, во Сектор ______________________________, со звање __________________ и шифра на работно место______________________.

Врз основа на објавениот интерен оглас за унапредување на административни службеници во Агенцијата за електронски комуникации објавен на веб страната на Агенцијата како и на огласната табла во Агенцијата за електронски комуникации со архивски број _____ и ______(датум) година. Ве известувам дека поднесувам пријава за унапредување на следното работно место_______________________________________________________ (наведедете назив на работно место на кое што се аплицира) во Одделение_______________________, во Сектор ___________________________, со звање __________________ и шифра на работно место______________________, со вкупно работно искуство од ______години и ________месеци, евидентирано како работен стаж.

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Бр. ___-__/______

_________ година

Административен службеник

Име и Презиме

_________________________